( Образец ПП……)

**До: Општина Демир Хисар**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] (се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Дали во општината е формиран младински центар согласно со Законот за младинско учество и младински политики?**
**Доколку е формиран, бараме да се достават следните документи и информации:**

- **Одлука за формирање на младинскиот центар;**
- **Одлука за избор на граѓанска организација која ќе раководи со младинскиот центар;**
- **Извештај за работата на младинскиот центар за претходната календарска година (2024);**
- **Програма за работа на младинскиот центар за 2025 година;**
- **Податоци за издвоени средства од буџетот на општината за младинскиот центар за претходните 2 години, односно за 2023 и 2024 година, како и податок за предвидени средства за младинскиот центар за тековната, 2025 година.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Штип , 06.02.2025 година.** ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Датум:** 13.02.2025

**ДО:** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-195/1 од 13.02.2025 година наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

----------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со формирањето на младински центар во Општина Демир Хисар,се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со формирањето на младински центар во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 07.02.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 13.02.2025 година под архивски број 18-195/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 13.02.2025 година, под бр. 18-195/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

______________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

Во моментов во Општина Демир Хисар не е формиран младински центар и поради тоа не можеме да ви ги доставиме документите и информациите кои ги барате.

Постапката за формирање на Локален младински совет во општината е во тек. Беше објавен јавен за членови во ЛМС,  во подготовка е верификацијата на мандатите на членовите во Локалниот младински совет.

**По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар**
**Службено  лице за посредување со   информации од јавен карактер**
**Игор Дамјаноски,**
**раководител на одделение за управување со човечки ресурси**

**-------------------------------------**